# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ПЕДАГОГИЈА, КОМПАРАТИВНА И ИСТОРИЈА ПЕДАГОГИЈАТА, ИСТОРИЈА НА ПЕДАГОШКИТЕ СИСТЕМИ И СОЦИЈАЛНА ПЕДАГОГИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на XVI редовна седница, одржана на 14.11.2007 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Киро Камберски, проф. д-р Марија Костова и проф. д-р Дивна Лакинска за избор на наставник во научните области: педагогија, компаративна и историја на педагогијата, историја на педагошките системи и социјална педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје.

Комисијата, по разгледувањето на доставената документација, има чест до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го поднесе следниов

## Извештај

На распишаниот конкурс во весникот „Утрински весник" од 31.10.2007 година за избор на наставник по наведените научни области, се пријави само еден кандидат, д-р Сузана Миовска-Спасева, доцент на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје.

**Основни биографски податоци**

Д-р Сузана Миовска-Спасева е родена на 19.10.1965 година во Скопје, каде што завршува основно и средно образование, со континуиран одличен успех. Дипломирала на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје во 1988 година, со просечен успех 10 (десет), со одбрана на дипломскиот труд "Третманот на ученикот во наставата низ историјата на педагошката мисла и денес". По дипломирањето на Филозофскиот факултет се запишува на Филолошкиот факултет во Скопје, завршувајќи тригодишни студии по италијански јазик, со просечен успех 10 (десет). За постигнатиот успех има добиено повеќе награди и признанија, меѓу кои и наградата од Фондацијата на Франк Манинг за најдобар студент на генерацијата и *Златна плакета* од Филозофскиот факултет за најдобар студент во педесетгодишното негово постоење.

Во учебната 1989/90 година се запишува на постдипломски студии на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје, кои ги завршува во 1996 година со просечен успех 9,50 и со успешна одбрана на магистерскиот труд "Семејството како образовна средина". Со научен степен доктор по педагошки науки се стекнува по успешната одбрана на докторската дисертација "Прагматистичката педагогија и нејзиното влијание врз современата воспитно-образовна практика" на Филозофскиот факултет во Скопје на 5.7.2002 година.

Во продолжение бележиме некои од нејзините позначајни активности на овој план:

*1. Студиски престои:*

- Victoria University, Victoria, Canada, June 2006 (International Summer University Macedonia 2006 Study Visits)
- Center for Dewey Studies, Southern Illinois University Carbondale, Illinois, USA, September 5, 2006 - July 31, 2007 (Fulbright Visiting Scholar Grant)

*2.Учество на конференции, семинари и стручно-научни средби*

- Денови на педагогијата, Филозофски факултет Скопје, мај 2004; учество со соопштението: *Џон Ло к -мисла која не застарува (1704-2004)*
- Симпозиум на тема: „Филозофската, политичката и педагошката мисла на Џон Лок", Филозофски факултет Скопје, ноември 2004; учество со соопштението: *Педагошките погледи на Џон Лок*
- Семинар за обука на студенти од Педагошките факултети во Македонија во рамките на проектот „Креативна настава и учење" (*едукатор*), Охрид, 3-7 октомври 2005 год.
- Прв семинар за обука на наставниот кадар од Педагошките факултети во Македонија во рамките на проектот „Креативна настава и учење" (*едукатор*), Охрид, 2-4 декември 2005 год.
- Втор семинар за обука на наставниот кадар од Педагошките факултети во Македонија во рамките на проектот „Креативна настава и учење" (*едукатор*), Охрид, 23-25 март 2006 год.
- Engaging Teaching Strategies for Effective Learning, International Summer University Macedonia 2006 (co-professor), Универзитет на Југоисточна Европа Тетово, Македонија, 10-25 јули 2006.
- Летна школа со студенти од ПМФ, Филозофски и Филолошки факултет во рамките на проектот „Креативна настава и учење" *(едукатор)*, Охрид, 25 август-3 септември 2006.
- International Academy of Business and Public Administration Disciplines, Orlando, Florida, USA, January 4-7, 2007; учество со соопштението: *The Implementation of European Credit Transfer System in Macedonian Higher Education.*
- Fulbright Occasional Lecturer Program, College of Charleston, Charleston, South Carolina, USA, March 14-15, 2007; одржано предавање на тема: *The Educational System in the Republic of Macedonia: Traditions and Reform Challenges.*
- Fulbright Visiting Scholar Conference: "The Rule of Law: A View from the American West", Denver, Colorado, USA, April 11-14.
- Faculty Seminar, Hobart and William Smith Colleges, Geneva, New York, USA, May 18, 2007; одржано предавање на тема: *Dewey in the Balkans.*
- Семинар: „Образование за социјална правда" (*учесник*), УСАИД и ФИООМ, Охрид, 14-16 септември 2007.
- Претставување на Фулбрајтовата програма од страна на Американската амбасада во Македонија пред професорите и соработниците на Филозофскиот и Филолошкиот факултет во Скопје,

социјални проблеми и соработка во локалната заедница, Скопје: Центар за континуирано образование за социјален развој, 2005, стр. 114-120.

4. *Педагошките погледи на Џон Лок*, *Филозофија* бр.13/2005, Скопје: Аз-Буки, стр. 55-64.
5. *Личноста и компетенциите на наставникот во современото образование*, *Годишен зборник* на Филозофскиот факултет, Скопје: Филозофски факултет, 2006, стр. 29-43.
6. *Pedagogika spoleczna na Balkanach* (co-author), Ewa Marynowicz-Hetka (red.) *Pedagogika spoleczna T.2*, Podrecznik akademicki, Wydawnictwo Naukowe PWN, 2007, pp. 400-414.
7. *Implementation of European Credit Transfer System in Macedonian Higher Education* (co-author), *International Journal of Education Research*, Vol.2, No.1, Washington D.C.: IABPAD, pp. 54-66.
8. *Предизвиците на универзитетската настава*, *Годишен зборник* на Филозофскиот факултет, Скопје: Филозофски факултет, 2007.
9. *Dewey in the Balkans: Influence on Education in the Republic of Macedonia* (подготвено за печат во Thinking Classroom, International Journal of Reading, Writing and Critical Reflection, Washington, DC: IRA).

Ќе укажеме само на некои од објавените трудови.

Во книгата *Прагматистичката педагогија и основното образование*, која, всушност, претставува преработка на нејзината докторска дисертација, д-р Сузана Миовска-Спасева ги елаборира појавата и суштината, историските димензии и актуелното значење на една од најпознатите и највлијателните педагошки доктрини, и во теориска и во практична смисла. Со аналитички и критички пристап, авторката ги разгледува и вреднува не само идеите и гледиштата на главниот идеолог и претставник на оваа педагошка доктрина, Џон Дјуи, туку и различните класификации на неговото учење, кои доаѓаат од одделни автори, а кои се движат на линијата на два екстрема: од воодушевено прифаќање и глорифицирање на теориските размисли и практичните решенија на Дјуи до беспоштедна критика и целосно отфрлање на неговата педагошка доктрина. Компонирана е во три дела: 1. Појава и суштина на прагматистичката педагогија 2. Историски осврт врз влијанијата на прагматистичката педагогија и 3. Прагматистичката педагогија и современото основно училиште.

Трудовите под реден број 1, 2 и 4 се посветени на познатиот англиски педагог и филозоф Џон Лок по повод 300-годишнината од неговата смрт. Д-р Сузана Миовска-Спасева, вклучувајќи се во одбележувањето на овој настан, во овие трудови ги разгледува и разработува основите на педагошкото учење на овој знаменит мислител, задржувајќи се особено на неговите погледи, сфаќања и идеи за физичкото, моралното и умственото воспитание, давајќи, притоа, сопствена критичка проценка на нивното историско и актуелно значење.

Во трудовите 5, 7 и 8, со историско-компаративен пристап, се разгледуваат повеќе актуелни прашања и проблеми од значење за транзициските процеси на образовниот систем. Професионалните и личните квалитети на наставниците, како клучни елементи за

**Заклучок и предлог**

Изнесените податоци и оценки за развојот и работата на д-р Сузана Миовска-Спасева, како наставник и истражувач, покажуваат дека се работи за кандидат со извонредни наставнички и научноистражувачки квалитети. Рецензентската комисија, имајќи го тоа предвид, со особено задоволство и чест му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје д-р Сузана Миовска-Спасева да ја избере за наставник, во звањето **вонреден професор** за научните области: педагогија, компаративна и историја на педагогијата, историја на педагошките системи и социјална педагогија при Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје.

Скопје, 22.11.2007 год.

Членови на Рецензентската комисија:

1. Проф. д-р Киро Камберски, с.р.
2. Проф. д-р Марија Костова, с.р.
3. Проф. д-р Дивна Лакинска, с.р.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-1559/01
8.01 2008 год.
Скопје

Врз основа на член 75, 133, 141 и 142 од Законот за високото образование, а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 931/67 од 30.XI 2007 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XVII редовна седница, одржана на 26.XII 2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
за избор на наставник

I

1. **Д-р Сузана Миовска-Спасева**, доцент по предметите: општа историја на педагогијата, историја на педагогијата на Македонија, компаративна педагогија и социјална педагогија на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје, с е  и з б и р а во звањето **вонреден професор** за научните области (дисциплини): педагогија, компаративна и историја на педагогијата, историја на педагошките системи и социјална педагогија, за време од 5 (пет) години од денот на изборот.

2. Со извршениот избор именуваната засновува работен однос за времето на кое е избрана, сметано од 27.XII 2007 година.

II

Со именуваната ќе се склучи договор за работа.

III

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваната, досието, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски

И-Образец 14

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број: 02-1614/12
Датум: 02-07-2018г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 218 од од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), Укажувањето од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр.02-630/15 од 29. V 2018 година и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофски факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274/2013 – пречистен текст), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет на XI седницата одржана на 27.VI 2018 год., ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за стекнување на звањето редовен професор доживотно**

1. **проф. д-р Сузана Миовска-Спасева,** редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Филозофски факултет избран/а во наставно-научните области (дисциплини): педагогија, компаративна и историја на педагогијата, историја на педагошките системи, социјална педагогија, на 27.VI 2018 година го стекнува звањето **редовен професор доживотно**.

2. Со денот на стекнување на звањето редовен професор доживотно, во наставно-научните области (дисциплини): педагогија, компаративна и историја на педагогијата, историја на педагошките системи, социјална педагогија проф. д-р Сузана Миовска-Спасева заснова работен однос на неопределено време со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Филозофски факултет.

**Образложение**

Д-р Сузана Миовска-Спасева, редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје –*Филозофски факултет* на 30.VI 2017 година е избран/а во наставно-научното звање редовен професор.

Врз основа на член 218 од од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018) и Укажувањето од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр.02-630/15 од 29. V 2018 година, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

4. Одлуката е доставена до: именуваната, досието, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

**Д Е К А Н**
на Филозофскиот факултет

Проф. д-р Ратко Дуев

изработил: м-р Игор Панев
проверил: Василка Наумоска
одобрил: проф. д-р Оливер Бакрески